www.jub.eu

# JUB Магазин

Година IV
Број 7
Септември 2011



Актуелно:

## Инвестиција и покрај кризата

Jub дружење:

## Трговците во посета на матичните фирми

Моја приказна:

## Јанчо Мијајлевски - Пролет Комерц

Нешто ново:

## Jub decor



# Нови нијанси на Jupol Trend и Jupol Junior

Во својот дом брзо и едноставно внесете свежина и разиграност со новите трендовски нијанси кои ги додадовме во палетата на внатрешни бои на Jupol Trend и Jupol Junior.
Високата покривност на веќе готовите внатрешни бои во модерни нијанси, ви овозможуваат брзо и едноставно боење без многу напор.
Во палетата на Jupol Trend и Jupol Junior, вклучивме нови модерни нијанси кои ги најавуваат трендовите на бои за новата сезона. Врз основа на испитување на омилени поедини нијанси кај децата и возрасните ви овозможуваме да одберете различни бои според интензивноста на нијансите. Резултатите покажаа дека родителите ги оставаат децата сами да ја одберат својата нијанса, кога станува збор за уредување на детските соби, додека пак родителите се консултираат со својте деца за боите кои ќе ги вметнат во останатиот дел од домот. Бидејќи сите испитаници и возрасни и деца беа свртени кон појаките нијанси на бои, ние во JUB одлучивме сите нијанси на производот Jupol Junior, да ги замениме со поинтензивни бои, додека во палетата на Jupol Trend додадовме нови три нијанси.

Новите нијанси на боите Jupol Junior, создаваат посебна атмосфера во детските соби, игротеките и училниците, а воедно овозможуваат и едноставно чистење на несаканите траги од детската игра, а тие се: Sunrise, Sunset, Princess, Missy, Ice Blue и Spring.

Боите на Jupol Trend, ја поттикнуваат креативноста кај секој кој има чувство за дизајн. Длабокиот мат изглед во комбинација со интензивните нијанси, дава единствен печат на сите ѕидни површини, додека комбинацијата на различни нијанси овозможува следење на новите модни трендови, кои на просторот му даваат свежина и динамичност. Пробајте ги новите нијанси на овој производ: Cappuccino, Lychee и Orchid.







JUB Боите го менуваат домот.

Текстот и фотографиите се сопственост на JUB.



Содржина:

-Вовед ............................................03

- Актуелно ... ..................................... 04

-JUBдружење.......................................16

-JUB Академија.....................................18

-Моја приказна......................................20

- Нешто ново.........................................22

-Jub инспирира ....................................25

-Совет........................ ..........................28

-JUB дизајн студио..................................30

Издава Jub дооел - Скопје

Адреса бул. Јане Сандански бр.79а-3

Телефон 02/ 2454-027

E-mail jubmagazin@jub.com.mk

Уредник Катерина Бошкова

Редакциски одбор ЈУБ дооел - Скопје

Дизајн Катерина Бошкова

Припрема и печати Макстен графика - Скопје

Повторно есен ......
Со доаѓањето на новата есен, доаѓа и можноста за нови инвестиции во градежништвото. Ова е добра можност за оние кои се уште немаат направено фасада истото да го направат.
На страна 4 Ви го претставуваме новиот изложбен салон за JDS, кој се наоѓа во матичната фирма во Дол при Љубљани.
Во кризните времиња во кои се наоѓаме, изнајдовме можност за нова инвестиција во Хрватска, со што се отвори нов дистрибутивно - едукативен центар за регионот. Ве потсетуваме и на тоа колку добро се дружевме на саемите каде што бевме присутни и ќе бидеме до крајот на оваа 2011 година, како и на нашето дружење со архитектите на „Недела на Архитектите" и со трговците со кои бевме во посета на нашите матични фирми во Словенија и Србија.
Тековното работење на нашата техичко комерцијална служба која на големо задоволство на сите кои се инволвирани во завршниот дел на градежништвото и оваа година им овозможи запознавање на новите техники кои ги произведе JUB, а воедно и да ги образложи дилемите при вградување на истите.
Во овој број на JUB Магазин, со својата приказна ни се претстави трговецот од Велес, Јанчо Мијајлески кој е сопственик на дуќанот Пролет Комерц. Оваа година изработивме нови декоративни техники со веќе постоечките материјали кои се посебно интересни како за изведувачите така и за инвеститорите.
Како и со што да се заштитите од алги и мувла ќе прочитате во рубриката совет, а во рубриката JUB инспирира ќе ве информираме за тоа како да го направите распоредот на вашиот дом, кога станува збор за куќа.
За крај на овој број на JUB Магазин и овој пат ја оставивме рубриката Jub Design Studio и ви прикажзвме дел од изработките на истите.
Во овие есенски денови, со овој број на JUB Магазин, се надеваме дека внесовме топлина во вашиот дом. До следното наше дружење ви посакуваме да останете во добро расположение.

ISO 9001 Q-159
ISO 14001 E-034

# Нов изложбен салон

**Продажно изложбениот салон на JUB Design Studio во Дол при Љубљани со седиште во друштвото на компанијата JUB е наменет за добивање на креативни идеи за секој дом.**




На посебни паноа се претставени интересни и единствени решенија за декоратива и заштита на внатрешни ѕидни и фасадни површини. При изборот на соодветните комбинации на бои, на располагање ви стои соодветен консултант, технички инженер кои ќе ви помогне при изборот на соодветни материјали за различни подлоги.





Во склад со услугите кои ги нуди JUB Design Studio во нашата матична фирма и ние во Македонија нудиме дел од тие услуги за нашите клиенти.
Искористете ја понудената помош и бесплатно посоветувајте се со JUB – овите професионалци , секој работен ден од 08 до 16 часот.



# Инвестиција и покрај кризата

**Компанијата JUB и покрај кризата, инвестираше во нов дистрибутивно – едукативен центар во Самобор (Хрватска), со цел да го подигне нивото на услугите на своите купувачи, со што би им овозможила побрза испорака и достапност на своите производи во секое време.**

Со инвестицијата на JUB преку отварањето на дистрибутивно – едукативниот центар во Самобор, овозможува и понатаму да се шири производно – продажниот асортиман на хрватскиот пазар. Вредноста на инвестицијата изнесува околу 20 милиони куни.

Инвестицијата првенствено ќе ни овозможи да бидеме чекор пред другите, како и дополнителна диференцијација на пазарот, и полесен пласман на производите. Компанијата JUB во склоп на дистрибутивно – едукативниот центар содржи и JDS – JUB DESIGN STUDIO, во кој ќе бидат прикажани изложбените примероци од JUB – овите производи, како и системските решенија. JDS е поставен така да може да одговори на интересите на различни целни групи (приватни лица, инвеститори, архитекти, изведувачи....). Со услугата на JDS, ќе се овозможат различни услуги на заинтересираните како што се обликување на интериерот и екстериерот со најголемиот избор на нијанси, пресметување на топлинската изолација како и заштеда со вградување на фасадниот систем JUBIZOL. Едуцираниот персонал секојдневно е на располагање за одговори на најразлични прашања. Во самиот простор на JDS се планира одржување на практични и теоретски презентации за мали и големи групи за кој е предвиден посебен модерен и функционален простор. Во дистрибутивно – едукативниот центар на површина од 1.500 m$^2$ се наоѓа централно – дистрибутивниот магацин кој служи за снабдување со JUB – ови материјали на купувачите од Хрватска.

Како интересен детал можеме да го истакнеме надворешниот дел на дистрибутивно – едукативниот центар во Самобор, во кој што се вградени изолациски материјали со просечна дебелина од 20 cm, со што се постигнува максимална заштеда во градбата, посебно е интересно поради бројните забележителни профили, како и завршната обработка на фасадата која е пребоена во повеќе од 200 различни нијанси, што ќе биде многу интересно за секој иден посетител. Со тоа и во пракса покажуваме дека вреди познатиот слоган на JUB – Боите го менуваат домот.

Компанијата JUB денес е еден од водечките производители на градежни материјали во завршниот дел на градежништвото, на просторите на југо-источна и средна Европа. Традиција на компанијата подолга од 135 години е непрекинато вложување во квалитетот и иновативноста, со што на своите производи им дава препознатливост во повеќе од 20 европски земји. Во Хрватска JUB е долгогодишен препознатлив бренд, а некој од производите од нашиот асортиман како на пример, внатрешната боја Jupol, е и апсолутен лидер на пазарот.

Широката производна палета вклучува бои за ѕидови, средства за нијансирање, Jubizol – топлотно изолациски фасаден ситем, Jubin – средства за заштита и декорација на производи од дрво и метал, производи за керамика, програм за санирање и реновирање на стари објекти како и Jumix – најмодерниот систем на нијансирни станици кој му овозможуваат на крајниот потрошувач во кој било дел од Хрватска да ги нијансира JUB – овите производи во повеќе од 40.000 различни нијанси за екстериер и ентериер.



# JUB и децата

**Посебен ден како од бајките во JDS салонот ни направија децата од градинката Урша од Домжале.**

Како ги мешаме боите, како да направиме портокалова боја, како зелена или виолетова? Како боите меѓу себе се преливаат во други бои, зашто гавраните се црни, беа дел од многуте прашања што ни ги поставија децата. Одговорите на сите вакви прашања како и сите чуда во земјата на боите им ја доловија експертите кои работат во салонот на Jub Design Studio.






Облечени во вистински молерски маици и молерски капи, а во друштво со убавата маскота на Бојан, ги запознаа вистинските бои за ѕидови и тоа оние кои се наменети за најмладите, со што имаа можност да си ја одберат посакуваната нијанса за својата соба. Откако завршија со разгледување и цртање, направија заедничка фотографија за спомен со Бојан, која ќе ги потсетува на убаво поминатиот ден во JUB.



# Саем на градежништво 2011

**На 8-миот по ред саем за градежништво, градежни материјали и градежна механизација, кој се одвиваше во период од 01.03 до 05.03.2011, во вкупно 5 хали и учество на многубројни излагачи како од земјава така и од странство, JUB и овој пат зазема учество на саемот и тоа распореден на самиот почеток од 2 хала на Скопсиот Саем.**




Главната цел на овогодинешното излагање за нашите производи, беше претставување на новата амбалажа на истите, кои ги распоредивме во една музејска изложба, каде имаше и фотографија од старата амбалажа и сето тоа со цел, на крајните корисници да им се долови истиот производ со не променет квалитет, но со помодерна и класифицирана амбалажа. Во склоп на самото излагање, беа организирани три различни презентации со практична примена на материјалите и тоа со почеток во 13:00 часот, а распоредени во 3 дена и тоа:

- 02.03.2011 – Премази за современи ентериери и екстериери,
- 03.03.2011 – Декоративни материјали за внатрешни површини,
- 04.03.2011 – Топлотно изолационен систем – Jubizol Fasada.

На овие презентации, а на наше големо задоволство присуствуваа голем број на посетители кои добија соодветен рекламен материјал, како и конкретни одговори на поставените прашања. Како што најавивме минатата година и оваа година беа поделени сертификати за нашите изведувачи кои ги исполнија барањата од наша страна за истите и за кои JUB ја гарантира изведбата кога станува збор за вградување на JUB – ови материјали. Најголемо задоволство ни направи посетата на децата од градинката „Раде Јовчевски – Корчагин", кои и оваа година успеаа да не посетат заедно со своите учителки и да ни го развеселат штандот со детски џагор, кој само тие можат да го направат.

Во продолжение би ве потсетиле на изгледот на старата амбалажа на боите за внатрешни ѕидови, како и тоа што би рекле тие самите за промената на нивниот изглед.




Jupol – Во текот на моето 40 годишно постоење, веќе неколку пати ми ја менуваат амбалажата и покрај тоа што сум горд на својот изглед, со задоволство ви го препуштам мојот нов дизајн со постојан квалитет. Обојте повеќе...




Jupol Gold – Следејќи ги моите роднини во фамилијата на Jupol и јас се закитив со ново руво. Повторно ќе ме најдете во златна амбалажа и ќе уживате во спектарот од над 2000 различни нијанси на бои. Одберете нијанса и обојте повеќе...




Jupol briljant – Брилјантно е тоа што е елегантно, па затоа настојував и со голема мака успеав да ја задржам црната боја на мојата амбалажа, а истата ја збогатив со парче брилјант, кој со својата белина сјаје исто како и јас.
Спремете се за отсјај.... Обојте повеќе!




Jupol citro – Тешко ми е што се делам од стариот изглед, но затоа успеав да се изборам за лимонот кој е мој нов заштитен знак и постојан мирис на мојот производ.
Обојте повеќе....







Jupol trend – Не можам да се пофалам со своето долгогодишно постоење, но затоа морам да се пофалам со својот нов изглед, кој како и моето име на сите мои роднини им дава трендовска линија. Следејќи ги трендовите, оваа година ќе можете да ме најдете во уште 3 нови нијанси.
Бидете во тренд.... Обојте повеќе.

Jupol junior – И покрај тоа што сум мал и нов, со својот нов изглед ќе се обидам да ги освојам срцата на најмладите. Затоа оваа година покрај изгледот ги менувам и нијансите, кои сега ќе бидат поинтензивни и поживописни.
Побарајте ме .... Обојте повеќе.










Jupol Block – Јас сум најновата внатрешна боја во фамилијата на Jupol , моја главна карактеристика што ме издвојува од другите е блокада на сите видови дамки (кафе, вино, детски бои...), како и исклучителната покривна моќ.
Пробајте ме .... Обојте повеќе.

До следно видување на саемот за градежништво 2012, ве оставаме во импресиите што ги добивте од овој саем и најавуваме 45 годишнина од постоењето на системот за топлинска заштеда на фасада Jubizol Fasada.



# JUB на саем во 2011 година

**Компанијата JUB повеќе од 10 години ја негува традицијата, своите производи да ги представува на саем.**

И оваа година на пазарите каде што сме присутни со своите производи, ќе ги представиме истите на саемите по држави во различни формати. Веруваме дека со нашето представување на производите на саемите ќе ги задоволиме потребите на посетителите и ќе им понудиме вистински решенија за своите проблеми. Присутни бевме и ќе сме редоследно по датуми на следниве саеми:

- ДОМ - Словенија, Љубљана 08.03 – 13.03.2011
- Градежништво – Македонија, Скопје 02.03 – 06.03.2011
- Градежништво – Србија, Белград 12.04 – 16.04.2011
- Конструма – Унгарија, Будимпешта 05.04 – 10.04.2011
- Експо – Косово, Приштина 05.05 – 09.05.2011
- Консалтинг – Русија, Краснојарск 10.05 – 13.05.2011
- Иркутск – Русија, Иркутск 10.05 – 13.05.2011
- МОСБИЛД – Русија, Москва 05.04 – 08.04.2011
- Нагању – Русија, Тјумен 10.05 – 13.05.2011
- МОС – Словенија, Цеље 07.09 – 14.09.2011
- САСО – Хрватска, Сплит октомври 2011
- МАДЕ – Италија, Милано октомври 2011

Со надеж дека веќе сте не посетиле или ќе не посетите во наредните години од каде што ќе си одите задоволни, остануваме да ве очекуваме.



# Белград, саем за градежништво 2011

**Саемот за градежништво кој секоја година се одржува во Белград, е еден од најпрестрижните саеми за градежништво во регионот. На саемот има учесници од најразлични области: проектирање, изградба и одржување на објекти, високоградба, ниско градба и хидро градба, материјали, опремување на објекти, градежни машини, уреди и алати, адапатација, реконструкција и реставрација, занаети, информациски технилогии и управување на проекти во градежништвото како и опремување со ентериер. Многу реномирани и познати фирми ги претставуваат своите производи за градежништво на овој саем, секој на свој единствен и уникатен начин. .**

Како и секоја година, и оваа година JUB завзема учество на овој саем каде што ги претстави своите единствени производи во градежништвото. Од широката палета на производи кои се претставени оваа година можеме да истакнеме дека акцент беше ставен на новата линија на производи Mark pro. Вниманието на посетителите го привлкоа многубројните презентации за надворешна и внатрешна примена. На тој начин посетителите можеа да ги видат и да ги пробаат сите изложени производи, како и да се уверат дека нашите производи имаат најдобра цена и квалитет која моментално е достапна како понуда на градежни материјали во регионот.







За модерниот изглед на штандот се употребени исклучиво JUB - ови производи. На овогодинашниот традиционален 37 по ред Меѓународен саем SEEBBE, кој беше насловен како „Ги поместуваме границите“, и беше одржан во период од 12 до 16 април, здружението на економската пропаганда додели награди и признанија на излагачите во неколку категории. Компанијата JUB хемиска индустрија доо од Словенија и оваа година со одлука на жирито доби признание, но овој пат за успешен промотивен настап.

# Саем за изградба, енергетика, техника и мебел EXPO KOS 2011







По покана на JUB тимот од Косово го посетивме саемот EXPO KOS 2011 кој се одржа од 18 до 21 мај. Она што ни остави голем впечаток е фунционирањето на EXPO KOS 2011 кој се труди да се трансформира во промотор на понудата на пазарот, но и место каде идеите се создаваат. EXPO KOS 2011 покрај организацискиот аспект исто така докажува дека Косово уште се гледа како ветувачка животна средина за нови инвестиции од нови компании. На саемот имаше голем број на индивидуални компании (изложувачи)на EXPO KOS 2011, но учество земаа и стопанските комори на Хрватска, Словенија, Турција, Грција, Босна и Херцеговина каде ги промовираа своите инвестиции преку презентации и средби. На саемот имаше вкупно 364 изложувачи, меѓу кои беше и JUB. JUB ги изложи своите производи на еден единствен и уникатен начин за запознавање на своите прозиводи од програмата преку презентации на посетителите.

# Недела на архитекти

**Со почетокот на месец Јуни започна и „Неделата на Архитектите“, која за прв пат беше организирана од страна на македонската фирма Суперплан од Скопје и траеше од 01 – 06 Јуни 2011 година.**

Настанот се одвиваше пред и во домот на АРМ. Во големиот амфитеатар беа организирани предавањата од многуте странски и македонски предавачи, а воедно и архитекти. Предавачите беа од повеќе земји како: Македонија, Бугарија, Албанија, Грција, Косово, Словенија, Хрватска, Германија, Холандија, Норвешка, Естонија, Унгарија, Полска и Чешка. Секако наш претставник беше предавачот Минас Бакачлев.

За прв пат оваа година и нашата фирма JUB од Македонија, зазема учество на манифестацијата „Недела на архитектите“ и беше лоцирана на сопствен штанд веднаш до игло тендата која имаше за функција да ги пречека и испрати сите заинтересирани посетители од областа на архитектурата. Во самата игло тенда имаше поставени 5 монитори на кои беа емитувани рекламни спотови од сите учесници спонзори на оваа манифестација и секако шанк од кој можеше да се добие квалитетен пијалок, а по завршувањето на дневните презентации и предавања и дружба до полноќ.

Со надеж дека ваква успешна „недела на архитекти“ ќе имаме и наредната година остануваме во исчекување...



Боја на која ѝ се верува

# Трендовски бои за 2011/12 година

Инспирација од природата.
Човекот е дел од природата, а со неа е усогласено и нашето тело. Промените кои се случуваат во природата често влијаат и на нас самите.
Во пролетниот период, будењето на природата го буди и нашиот организам. Во летниот период е време на акумулирање на енергијата, која ни е потребна и ја трошиме за време на есенскиот и зимскиот период.
За нашето тело да делува во хармонија со природата, важно е потребата од боите да ја усогласиме со природата. Природата со врвна подготвеност и префинета елеганција, ни дава инспирација за изборот на палетата на бои за нашиот дом.
Дозволете си мал детал од природните бои да Ве стимулира при изборот на посебните нијанси, кои сакате да ги внесете во вашиот дом. Препуштете се на природата, таа да ве води и да го разбуди уметникот во секој од Вас, при комбинирањето на најубавите нијанси.

**Со утрото се буди и животот**
Силната светлина на утрото, синото небо над пространството на зелениот тревник и животот кој се буди. Бојата на младоста, здравјето и виталната енергија кои се идеални за комбинирање со весели детали во необичен облик и несекојдневна ведрина.



**Секогаш свеж север**
Измешајте ја бојата на мразот со бојата на небото, која се наоѓа во ладните и длабоки води на северниот пол, ќе добите боја која е кристално чиста, а со својата свежина на удобен начин ќе Ве вознемири.



**Нежноста на пролетта**
Чувството на меко и нежно розево лале, е заокружено со зелената боја на стеблото и листовите. Во лесен ритам на крилјата на ветерницата, сите нежни нијанси ја оживуваат љубовта за доживување на романтичното расположение.



**Медитеранот одмара**
Бојата на медитеранот ги релаксира чувствата и нѐ храни со опојниот мирис на лавандата. Таа клима во која природата ја покажала својата најголема подготвеност и инспирација, ќе Ви го донесе чувството од виолетовата и екстравагантната светловиолетова боја.



Текстот и фотографиите се сопственост на JUB.




**Песната на морските ветрови**
Синото небо и море во целосен склад со белината на светилникот. Со повикот за откривање на далечните краеви на летните авантури, оваа комбинација на бои нуди транспарентност на капките, мелодија на морските ветрови како и мирис на сол.



**Раскошни предели**
Златно жолтата нијанса на тревата кон крајот на летото, со додаток на темно портокаловата боја на доцна попладневното сонце, даваат чувство на романтична идила, натопена со чувството на раскош.



**Таму каде што сонцето заоѓа**
Ако сакате да ја сочувате цврстата врска со земјата, дозволете му на залезот на сонцето да ја прегрне земјата со црвените зраци на западот. Додадете парче мебел со темен изглед од необработено дрво или пак ставете затемнето светло.



**Есенска приказна**
На преминот од топло лето во ладна зима, природата е обоена со најубавите тонови на бои. Голите гранки на дрвото над покривот од меки отпаднати листови, е вистинска инспирација за будење на уметникот во секој од нас.



**Песочна безвременост**
Неутралната боја на песокот во бeконечниот простор, одлично се вклопува во секој детаљ кој сакате да го внесето во својот дом – моден тренд кој никогаш не поминува и кој ја изразува минималистичката елеганција.



Текстот и фотографиите се сопственост на JUB.

# Екскурзија за трговци во организација на JUB дооел Скопје

**За првпат оваа година во периодот од 08.03 -11.03.2011 година во организација на JUB Дооел Скопје, со посета на JUB-овите фабрики во Словенија и Србија, организиравме четири дневно дружење за нашите најдобри трговци од малопродажната мрежа во Македонија.**

Искористивме прилика која ни овозможи накратко да ги оставиме секојдневните обврски за да направиме незаборавно дружење.

Поканата ја прифатија 12-мина сопственици на малопродажни објекти на кои во ниту еден момент не им представуваше проблем повеќечасовното патување до првата дестинација-местото Чатеж во Словенија, надалеку познато по прекрасните термални бањи.

По свечената вечера и ноќното капење во топлите извори се одморивме од долгото патување, спремни за нова дестинација – посета на местото Дол при Љубљани каде е лоцирана матичната фабрика JUB уште од 1875 год.

Претставници на вработените во фабриката се потрудија достоинствено и организирано да ги пречекаат нашите трговци за кои организираа прво посета на ново отворениот изложбен салон, а потоа и можност да се види целокупниот процес на производство и складирање, со што трговците добија информации од “прва рака” за се што ги интересира поврзано со производите. Посебно внимание предизвика посетата на новоотворениот технолошко развоен центар - единствен од ваков тип на Балканот, каде одблизу можеа да се видат најновите технологии за истражување и развивање на нови производи.







Потоа во присуство на туристички водич беше организирана посета на некои позначајни знаменитости на Љубљана и нејзино панорамско разгледување, а вечерта се потрудивме да ни биде уште поинтересна – мал шопинг низ трговските центри и натпревар во куглање со цел сите присутни што е можно подобро да се забавуваат.

По одличното хотелско сместување во Домжале ја напуштивме Словенија, и тргнавме на нова дестинација-Белград. Веднаш по пристигнувањето, мотивирани и расположени од доброто друштво имавме незаборавно дружење и забава на еден од тамошните сплавови на Дунав до доцна во ноќта.

Утредента, по краткиот одмор отидовме во посета на втората релативно нова фабрика на JUB во местото Шимановци близу Рума, каде што трговците повторно имаа можност да го разгледаат модерниот технолошки процес на производство и складирање на готовиот производ, лабораториите за анализа, просториите за обука, кое беше проследено со посебен интерес од причина што повеќето JUB-ови производи ги добиваат токму од оваа фабрика.

Заедничката фотографија пред платото на фабриката го одбележа и крајот на неколкудневната екскурзија, но со надеж дека оваа традиција која ја започнавме оваа година ќе продолжи и во наредните години со слични вакви прошетки и дружења, како за трговците така и за изведувачите, архитектите, и сите корисници на нашите производи чија основна намена се завршните работи во градежништвото.

# jupol




jupol
Block
jupol
Classic
jupol
jupol
Junior
jupol
Trend
jupol
Gold
jupol

JUB

# JUB Академија

**И во првата половина од 2011год. техничко комерцијалната служба во JUB Скопје продолжи со изведба на стручни технички презентации на целокупната JUB-ова производна програма.**

Особено задоволство ни претставуваше интересот за ваков тип на презентации што резултираше со зголемен број учесници и нови  лица кои првпат присуствуваат на презентации од ваков тип.
Теоретскиот дел од изведбата презентиран на видео бим, и практичниот дел прикажан со демонстрирање техники на вградување на дел од материјалите, го задржа вниманието и интересот на присутните.
Посебно не радува кога барем еден дел од презентираното допира до изведувачите или трговците, па со новостекнатите знаења и информации за новите производи,нови услуги и трендови, стануваат се поуспешни и напредуваат во својата работа.
Едукативните активности (презентации, демонстрации, обуки, дообуки и сл.), ги одржавме како во нашиот Jub-ов информативен центар (ЈИЦ), така и ширум државата. Присувството во нашиот ЈИЦ изведувачите го искористија и за бесплатна обука и дообука на своите знаења и способности кога се во прашање нашите материјали, и тоа во нашата работилница која за таа намена функционира уште од почетокот на центарот.
Како и повеќе пати претходно, одржавме и посебна стручна техничка презентација за одредена целна група (градежни инженери, архитекти, инвеститори,...), т.е сите оние релевантни учесници во процесот на проектирање и реализација на објектите.





Презентацијата повторно се одржа во просториите на Скопски саем (Бизнис сала), на 19.05.2011 година на тема Jubizol fasada, во која беа опфатени следните  содржини:
- Карактеристики на контактниот систем за топлотна изолација:

* појава и развој,
* предности,
* предуслови за правилно вградување.

- Правилно и неправилно вградување на топлотно изолациониот систем .

* детален опис на секоја поединечна фаза при вградувањето.

Целта на оваа презентација ни беше едноставно и разбирливо да го прикажеме нашиот топлотно изолационен систем, со сите свои предности во делот на заштедата на потрошувачката на топлинската енергија, и да дадеме одговори на многу прашања и нејаснотии поврзани со вградувањето на истиот.

На презентацијата покрај теоретскиот дел одвоивме и простор за практичен дел, односно апликативно демонстрирaвме правилно вградување на акрилен завршен декоративен малтер.
На многу поставени прашања поврзани со темата дадовме одговори уште во салата, а потоа дискусиите продолжија и на коктелот организиран во холот, каде низ разговори во една порелаксирана атмосфера се воспоставија и нови контакти меѓу присутните гости.
Секој присутен учесник доби и соодветен рекламен материјал.

Новина во делот за топлотно - изолацискиот систем Jubizol е бесплатниот програм за пресметка на заштедени трошоци за греење Jubizol engineering, кој е достапен на нашиот интернет сајт www.jub.com.mk.
Со овој програм на многу полесен и побрз начин можете да го одберете системот за топлинска изолација преку избор на соодветни материјали за вградување, а пред се да добиете брза пресметка на заштедените трошоци за греење.

JUB Academy — **Календар на одржани презентации**

| ДАТУМ | ОРГАНИЗАТОР | ГРАД | ЦЕЛНА ГРУПА | ТЕМА |
|---|---|---|---|---|
| 16.02.2011 | JUB дооел | (ЈИЦ) Скопје | фасадери | Jubizol Fasada |
| 17.02.2011 | Даре Промет | Тетово | изведувачи | JUB -ов асортиман |
| 18.02.2011 | Танасковиќ | Кочани | изведувачи | JUB -ов асортиман |
| 15.03.2011 | JUB дооел (Зеус Дизајн) | Скопје | изведувачи | Основни премази, бои за ентериери и екстериери, декоратива |
| 23.03.2011 | Шварц | Битола | изведувачи | JUB -ов асортиман производи |
| 23.03.2011 | Хемитек | Прилеп | изведувачи | JUB -ов асортиман производи |
| 30.03.2011 | Била | Битола | изведувачи | JUB -ов асортиман производи |
| 01.04.2011 | Колор Идеа | Прилеп | изведувачи | JUB -ов асортиман производи |
| 08.04.2011 | Фиго Крстев | Свети Николе | изведувачи | JUB -ов асортиман производи |
| 03.05.2011 | JUB дооел (Кукоски Компани) | (ЈИЦ) Скопје | изведувачи | JUB -ов асортиман производи |
| 05.05.2011 | JUB дооел АМГ Едилха | (ЈИЦ) Скопје | изведувачи | JUB-ов асортиман производи |
| 10.05.2011 | Универзал Комерц (Еко тон Дизајн) | Скопје | изведувачи | JUB-ов асортиман производи |
| 19.05.2011 | JUB дооел | Скопје | Архитекти, инвеститори | Jubizol Fasada |
| 01.06.2011 | JUB дооел (Елика 2007) | Скопје | изведувачи | Jubizol Fasada |
| 07.06.2011 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | JUB-ов асортиман производи |
| 01.07.2011 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | Jubizol Fasada |

# Јанчо Мијајлевски - сопственик на Пролет комерц од Велес




Почетоците на нашата компанија се од далечната 1994година. Во тоа време како и голем број од луѓето за време на транзицијата, така и јас и моето потесно семејство останавме без работа. Во тие месеци борбата за егзистенција беше тешка и макотрпна. Така се одлучив да отворам сопствен бизнис, кој подоцна прерасна во семеен бизнис. На почетокот започнав со трговија на метални производи (профили, цевки, лимови и сл.), а со текот на времето асортиманот го širевме според потребите на пазарот. Денес нудиме широк асортиман на производи како: метални производи, водовод и одвод, електрика, штрафовска роба, гипс картон, термоизолациони производи, а од скоро време бои и лакови од реномираниот бренд JUB. Нашиот асортоиман може да се опише со една реченица: нудиме производи и сè што е потребно за уредување и опремување на еден дом.

Во моментов нашата компанија има 8 вработени. Со зголемениот обем на работа штотуку отворивме нов продажен салон со магацински простор од 700м2. Со самата одлука да го прошириме асортиманот со бои и лакови, ни беше потребна фирма партнер која ќе ни излезе во пресрет на нашите потреби, затоа што бевме нови во таа област. Во нашите потреби за промоции, обуки за користење на производите и слично, JUB ни ја понуди комплетната поддршка. Се одлучивме да имаме асортиман исклучиво од JUB затоа што технологијата оди напред и производите се усовршуваат постојано. JUB е една од ретките компании која го нуди тоа и е лидер на пазарот во областа на градежништвото.

# ФАМИЛИЈАТА JUPOL ВО НОВА АМБАЛАЖА

**Jupol ги обединува традицијата, квалитетот и довербата на купувачите, кои се резултат на 40-годишно знаење и искуство. Сето тоа се гледа во широката палета на нашите производи во фамилијата Jupol, кои се развиваа во текот на последните години**

Денеска Jupol е фамилија на висококвалитетни внатрешни бои, која содржи производи за сите генерации и за секој дом односно за сечиј животен стил. Трговската марка Jupol дојде во фаза на зрелост, па затоа во **JUB** се одлучивме за нејзино освежување. Во 2011 година ја обновивме амбалажата и со нов изглед ги понудивме следните производи:

Jupol Classic е стандардниот Jupol, кој на пазарот е присутен веќе цели 40 години. Во 2011 година е преименуван во Jupol Classic. Поради неговиот квалитет и високата паропропустливост на пазарот со години е прифатен како синоним за внатрешни ѕидни бои.

Jupol Gold покрај високиот квалитет и перивост, овозможува нијансирање во повеќе од 2.000 нијанси на бои.

Jupol Brilliant е бела боја, која се одликува со исклучителна покривност (доволен е само еден нанос на боја), која покрај можностите за нијансирање во повеќе од 2.000 нијанси, се одликува и со исклучителна белина.

Jupol Trend е веќе нијансирана внатрешна ѕидна боја, која е на располагање во 12 модерни трендовски нијанси на бои, при употреба доволен е само еден нанос. Во 2011 година ги освеживме нијансите во кои производот е на располагање, ги прилагодивме на новите трендови на бои и додадовме 3 нови нијанси.

Jupol Junior исто така е веќе нијансирана внатрешна ѕидна боја, кај која е доволен само еден нанос. Во 2011 година производот влегува на пазар со сосема нови поинтензивни нијанси на бои. Нијансите на боите се погодни за бојадисување и декорирање на детските соби или за многубројни комбинации со Jupol Trend.

Jupol Citro е внатрешна боја наменета за простории каде што се појавува ѕидна мувла (бања, спална соба.....).

Jupol Block е нова внатрешна боја во фамилијата Jupol, која исклучително добро ги покрива сите видови дамки (кафе, вино, детски бои...).

Обојте повеќе.... JUPOL.









# JUB DÉCOR техники

**На задоволство на инвеститорите како и на многумина архитекти, трговци и пред се на изведувачите кои ги користат JUB-овите декоративни материјали, во овој број на JUB магазин ќе ви прикажеме некои нови техники со комбинација на нашите декоративни материјали, односно комбинација на декоративен кит Marmorin и внатрешна металик боја Glamour.**

1. Декоративна техника Marmorin - Acero

Потребни материјали:
Marmorin кит, JUB decor Glamour (металик боја), глетарка, четка, полиетиленска фолија

Техниката опфаќа нанесување на Marmorin (претходно нијансиран во нијанса по избор) со глетарка со заоблени врвови во дебелина од 2-3 mm, при што на мокро се вметнува полиетиленска фолија и со сунѓер се одстранува воздухот. Фолијата се вади кога нијансата ќе потемни (по 10 – 15 мин.). Потоа на суво со четка се нанесува JUB decor Glamour во еден слој, во нијанса складна со нијансата на Marmorin.




2. Декоративна техника Marmorin - Versus




Потребни материјали:
Marmorin кит, JUB decor Glamour (металик боја), глетарка, четка, чешел

Оваа техника опфаќа нанесување на Marmorin (претходно нијансиран во нијанса по избор) во подебел слој, при што на мокро вертикално се декорира со поголема декоративна четка (чешел). Вишокот материјал од чешелот се празни на глетарката и повторно се повлекува низ мокриот слој од китот.
Со глетарката нежно се израмнува, а потоа на сув и избрусен слој од Marmorin китот вертикално со четка се нанесува JUB decor Glamour во еден слој, во нијанса складна со нијансата на Marmorin. На крај интензивно се измазнува со глетарка со заоблени врвови преку слоевите.



Декоративна техника Marmorin – Aurora

Потребни материјали:
Marmorin кит, JUB decor Glamour (металик боја), глетарка, четка,

Техниката опфаќа нанесување на Marmorin (претходно нијансиран во нијанса по избор) со потврда четка при што со движење на четката лево-десно се формира структурата која ја сакаме. Потоа уште на мокро, нежно со глетарка со заоблени врвови се измазнува Marmorin, и на сува подлога во еден слој но со глетарка се нанесува JUB decor Glamour, во нијанса складна со нијансата на китот.




Декоративна техника Marmorin – Travertin

Потребни материјали:
Marmorin кит, глетарка, четка.

При изработка на оваа техника не користиме внатрешна металик боја - JUB decor Glamour во комбинација со Marmorin, туку целта е преку техникава со декоративниот кит да се добие што е можно посличен изглед на камен - травертин.
Изработката опфаќа нанесување на Marmorin во подебел слој со глетарка со заоблени врвови, при што со чешелот се формираат празни места (дупчиња), кои подоцна со тенок слој од китот се препокриваат со глетарка, со цел да се добие изглед на камен во природата.
Потоа со остар тврд предмет се формира изглед на структура од камени блокови, и на крај со глетарка или шпахла се израмнува и полира.
За оваа техника не е потребно да се нанесе заштитен восок – Marmorin emulzija, но доколку се става тогаш максимум е потребен само еден слој.




Важно:

Сите заинтересирани за правилна изведба на наведениве и други наши декоративни техники, можат да добијат бесплатна обука од стручно лице доколку ги посетат просториите на нашето претставништво JUB Дооел Скопје, по претходна најава на бројот 02/2454027.










# Ефикасна обнова на сидните површини против мувла

## Jupol Citro

### Сидна боја со ефикасен заштитен филм против мувла

Дали на вашиот сид или таван се појави мувла?
Оваа појава, најчесто е последица на неправилна изработка на градежните детали, каде на места е несоодветно направена топлотната заштита, поради што доаѓа до кондензација на влага, што е идеална подлога за развој на алги и мувла. Со појавата на алгите и мувлата, може да се бориме со соодветни бои, при што најпрво заразените површини предходно ги дезинфицираме.

Во JUB, особено ја препорачуваме, високопареопропусната внатрешна сидна боја Jupol Citro, која содржи ефикасен заштитен филм против алги и мувла. Боењето со Jupol Citro е исклучително пријатно, зошто со самото нанесување на бојата, просторот се исполнува со пријатен и освежителен мирис на лимон.

Бојата првенствено е наменета за декоративна заштита на сидови и тавани во просториите, каде поради високата релативна влажност на воздухот, има голема веројатност за појава на кондензација, а со тоа и голема е веројатноста за интензивниот развој на различните видови сидни алги и мувла.

Jupol Citro го препорачуваме првенствено за кујни, купатила и други простории, каде за декоративна обработка на површините има потреба од бои кои се отпорни на мокро триење и како превентива во нови станбени простории.

DesignStudio | **продажба во изложбените салони**

Ве покануваме во JUB Design Studio, каде на располагање Ви е архитект – консултант, кој би ви помогнал при изборот на нијансите и технички консултант, кој ќе Ви даде техничка поддршка и помош при изборот на материјалот, во зависност од оптоварувањето на сидните површини и специфичните потреби за заштита на истите кај појава на влага, дамки и друго. Исто така, може да се присуствува на работилници и практични предавања, кои се организираат во склоп на JUB Design Studio.

Работно време: ПОН – ПЕТ: 08 – 16 часот. Повеќе информации ќе најдете на www.jub.mk .



**JUB дооел Скопје**
бул. Јане Сандански 79а-3
МКД - 1000 Скопје
**T:** 02 2454 027, **E:** info@jub.com
**Член на групацијата JUB**

jupol Citro

# Куќа

**Куќата во најширока смисла, претставува изградена градба за престој на луѓето, која е затворена со ѕидови и кров.**

Секоја епоха, имала свои услови за живот, а истите се препознатливи по изградбата на куќите. Од колиби до ренесансни вили и до современите облакодери е поминато низ многу фази и еволуции. Денес куќата повеќе не е тврдина со која би се одбраниле од непријателите и разбојниците, или„духовите" како на пример во епохата на средниот век, туку слободен и пријатен простор за живот тесно поврзан со околината. Во широка архитектонска смисла, под куќа се подразбира секој градежен објект во кој може да се живее, без разлика на намената на истата. Во потесна смисла, под куќа секогаш се подразбира, зграда која служи за живеење. Кај наште предци, под поимот куќа, секогаш се подразбирало, главна здрада во дворот во која се собира и обединува семејството. Куќата претставува засолниште од лошите временски услови: ветер, топлина, студ..... Луѓето можат да бидат надвор од куќата поголемиот дел од денот, поради задоволување на друштвените потреби, работа, рекреација и слично, но времето кое е определено за одмор и ноќевање секогаш се одвива во куќата. Куќата обично има најмалку еден влез и повеќе прозорци.





Куќите се делат според: материјалот од кој се изградени, намената, спратноста и друго. Според материјалот од кој се изградени, тие пак се делат на: Брвнари, колиби, куќа од трска, блато, непечена и печена цигла како и куќа од камен и бетонски блокови. Според намената се делат на: станбена куќа, вила, викендица, летниковец, шумска куќа, колиба, овчарска куќа, ловечки и планинарски дом.

Внатрешност на куќата.

Во внатрешноста на куќата се наоѓаат различни простории кои се опремени со мебел. Во современата организација на куќниот простор, се подразбира дека во секоја куќа мора да има:

- Влез – кога се влегува во станот обично се влегува во мал простор во кој се наоѓа закачалка на која се оставаат капути, шешири, чадори ... Малите или големите станови имаат слични вакви влезови.
- Коридор (ходник) – тоа е простор околу кој се распоредуваат другите простории. Тој е неопходен во однос на удобноста на станот.
- Дневна соба – тоа е главната просторија дури и во најмалиот стан, може да има различни функции и ги овозможува сите функции за дневниот одмор.





- Спална соба – тоа е простор кој е определен за спиење, како еден од основните потреби за живеење и треба да обезбеди хигиена и удобност преку ноќта.



- Кујна – претставува главен простор во целата куќа. Кујната служи за подготовка на храна, одржување облека и др. На кујната и се дава големо значење, од причина што домаќинката поголемиот дел од денот го поминува во тој простор. Кујната претставува работен простор во станот и може да биде работна кујна и станбена кујна.



- Трпезарија – некогаш во секој распоред на станот се подразбираше посебен простор за трпезарија и обично тој простор беше најголем во станот. Сега често човекот во недостиг на простор се задоволува за овој вид на простор и со дневата соба која служи и за јадење.



- Купатило – познато е уште од најстарите времиња, се јавува дури и во цивилизацијата на старите Римјани. После римската цивилијација, купатилото се губи од употреба за да од 19 век повторно му се оддава големо значење.

Освен овие простории, во куќата можат да се најдат и работни простории како што се: оставата, гаражата, котларницата, сушарата за алишта и други помошни простории.




# Совет за припрема и боење на просторот

**Одбравте боја, почекајте.....**
**Внимателно прочитајте го упатството за употреба кое се наоѓа на амбалажата на производот или во проспектот, за да ги спречите можните грешки при работењето. Осигурајте се дали површините што сакате да ги обоите се спремни за работа. Не заборавајте дека свежиот бетон и малтер мораат да бидат стари најмалку 28 дена! Во спротивно може да дојде до пукање на премазот, промена на нијансата и слично.**

Најнапред, пресметајте ја површината што сакате да ја декорирате или заштитите, за да ја набавите потребната количина на боја, со што ги намалувате трошоците за дополнително купување или вишокот од материјалот кој ќе ви биде непотребен.
Припремете го потребниот алат, како и дополнителната опрема. Предметите и површините кои не ги боите, заштитете ги со трака, филоја или најлон. Работната температура на воздухот треба да биде од +5 до +35ºC, релативната влажност не смее да биде повеќе од 85%. Избегнувајте ги површините кои се директно изложени на сонце!
Производите не ги мешајте со производи од други произведувачи и нивните пигменти, затоа што може да дојде до неподнесување на производите и расипување на бојата! Пред употреба производот треба добро да се промеша, доколку иамте повеќе кантички од истата нијанса,пред боење, препорачуваме сите меѓусебно да се измешаат (егализираат). Производот задожително да го разредите според упатството што е на самата амбалажа, затоа што со поголемо разредување со вода може да дојде до слаба покривност и шаренило на површините.

Припремете и импрегнирајте ја подлогата.

За да обезбедите квалитетна декорација и заштита на ѕидовите, подлогата мора да биде рамна, цврста и чиста, што се постигнува со пополнување на пукнатините, брусење на нерамнините, глетување – ако е потребно и повеќе пати. На добро припремената површина, со четка нанесете еден слој за импрегнација или Akril Emulzija. Со ова се постигнува рамномерно впивање на бојата, како и намалување на потрошувачката за наредниот слој.

Санирајте ги проблематичните површини

Дамки

Површините во ентериерот на кои се присутни дамки од никотин, дим и маснотии, пред боење неопходно е да се санираат. На вака оштетените површини, најнапред треба да се нанесе подлога Denikol, а потоа да се пребојат со дисперзна боја. Доколку нема време за ваквиот начин на санирање, тогаш е потребно површината да се пребои со Jupol block.



Мувла и алги

Мувлата и алгите на површините во ентериерот или екстериерот најнапред се чистат, а потоа се пребојуваат. Заразените површини најнапред треба механички да се исчистат односно да се истругаат мувлата и алгите со помош на некој молерски алатки: крпа, шпахла, глетарка, лопатка и др. Нанесете средство за уништување на алги и мувла Algicid, со цел да се спречи нивното понатамошно размножување. По вака санирана мувла или алги, површините се пребојуваат со диспрезна боја.

Декоратива во ентериерот и екстериерот

Ентериер

Бојата се нанесува на сува и добро припремена подлога. За квалитетни дисперзни бои, користите квалитетен кратковлакнест валјак. Дисперзната боја разредете ја со вода според упатството на самиот производ и нанесувајтеја во тенок слој, особено ако работите во нијанси. Секогаш боите во два слоја.

Екстериер

Бојата се нанесува на сува и добро припремена подлога. Користите квалитетен кратковлакнест валјак. Бојата за фасада разредете ја со вода според упатството на самиот производ и  нанесувајте ја во тенок слој, особено ако работите во нијанси. Секогаш боите во два слоја.



Внимание...

Кога нанесувате интензивни нијанси на фасада (жолта, црвена, сина и зелена), неопходно е најнапред целата површина да се пребои со истата боја но разредена. Наредните два слоја се нанесуваат така да се внимава на краевите од површината да не се поминува со валјакот повеќе пати, за да не дојде до промена во интензитетот на бојата.

Доколку ги применувате овие наши неколку совети, верувајте ќе немате никаков проблем после боењето на површините.




# JUB Design Studio

**Како и во минатите броеви на нашиот весник JUB Магазин, и во овој број ќе ви прикажеме дел од веќе изработените JUB Desing Studia**

Со надеж дека со внимание ќе ги разгледате изработките и дека истите ќе ви се допаднат, а воедно и ќе ве иницираат и Вие самите да се приклучите на оваа наша услуга, Ве информираме дека ви е потребно само да ни испратите фотографија од вашиот објект кој е предмет на изработка на термо фасада или само пребојување, како и на фасадата или да им оставите на нашите архитекти од Словенија да одберат за Вас бои и за три работни дена да ги добиете трите предлога од наша страна кои ќе ви помогнат да се одлучите за боите на истата.























Доколку веќе се решивте на вакво нешто, тогаш контактирајте нé на бул. Јане Сандански бр.79а-3, тел: 02/ 24 54 027 или на e-mail: jub@jub.com.mk


JUB
Создаваме обоена топлина во Вашиот дом
JUBIZOL фасада
фасаден систем